Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 44, 16 август 2010 година

август 2010 година
Штип

СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научното подрачје економски науки на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научното подрачје економски науки на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научното подрачје економски науки на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 14

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области: педагогија, образование на наставници и елементарно образование на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 18

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање насловен доцент по предметите Вовед во новинарство и Новинарство во печатени и електронски медиуми на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 28

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ВОВЕД ВО НОВИНАРСТВО И НОВИНАРСТВО ВО ПЕЧАТЕНИ И ЕЛЕКТРОНСКИ МЕДИУМИ НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - Штип**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, на седницата одржана на 2.6.2010 година, донесе Одлука (бр. 1602-60/27) за формирање на Рецензентската комисија за избор на наставник во звање насловен доцент по предметите: Вовед во новинарство и Новинарство во печатени и електронски медиуми на Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, во состав:

1. д-р Стеван Алексоски – редовен професор,
2. д-р Јован Ананиев – доцент,
3. д-р Љупчо Сотироски – доцент.

По разгледувањето на приложените материјали и преземените активности, согласно со Законот и актите на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Комисијата го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс во весникот „Вечер“, објавен на 5.5.2010 година, за избор на наставник во звање насловен доцент по предметите Вовед во новинарство и Новинарство во печатени и електронски медиуми на насоката Новинарство и односи со јавноста на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип се пријави само кандидатката д-р Маја Мишковска - доктор на политички науки, вработена во Центарот за справување со кризи – Република Македонија, Скопје.

Врз основа на член 142 од Законот за високото образование и член 131 од Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Рецензентската комисија ги разгледа пристигнатите документи и констатира:

1. д-р Маја Мишковска, доктор на политички науки, доставила пријава со потребни документи во предвидениот рок, утврден во Конкурсот;
2. условите по објавениот Конкурс ги исполнува во целост;
3. Комисијата детално ја проучи пријавата на кандидатката и ја утврди следнава состојба.

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Маја Мишковска** е родена на 5 мај 1965 година во Скопје. Средно образование завршува во САД на Julia Richman High Scholl, New York (1979 -1983 година).

Факултетското образование го започнува во 1983 година на Hunter College, New York, USA. Департмент - Комуникации, новинарство и надворешна политика (една година), а го продолжува на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на Интердисциплинарни студии по новинарство во периодот од 1983 до 1989 година. Дипломира во 1989 година.

Постдипломски студии / магистерски студии по југоисточно-европски науки запишува на Националниот каподистријан универзитет за политички и административни студии на Грција, Атина (1989-2000 година). Постдипломските студии ги завршува (магистрира) во 2000 година.

Докторски студии запишува на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Унивезитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Докторира во 2007 година на тема „*Процесот на глобализација на идејата на либералната демократија -*

*дефинирање на идеолошко-политичкиот идентитет во современиот свет со акцент врз САД и ЕУ*“ на Институт за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје.

***Професионални активности***

Кандидатката д-р Маја Мишковска првично се вработува во Новинско-издавачкото печатарско претпријатие НИП „Нова Македонија” – Скопје, во весникот „Нова Македонија“, а потоа во „ПУЛС“ - политички неделник, НИП „Нова Македонија“, како надворешно-политички новинар, коментатор, репортер, аналитичар (во периодот од 1 април 1991 година до 22 октомври 2003 година). Потоа се вработува во Министерството за култура на РМ, како директор на ФАРЕ културно-развојна програма.

Моментално е вработена во Центарот за управување со кризи на Република Македонија - Скопје, како советник за соработка со НАТО (претставник во НАТО во Сектор за НАТО и меѓународна координација) од 1 јуни 2007 година.

Дополнително е ангажирана како извршен директор на ЈП МРТ, како претседател на Надзорен одбор на АД „Охис“, „Наум Наумовски Борче” -Скопје (2007 година) и како главен координатор на Програмата на американската Holstajn Asocijacija Inc, od Vermnot SA, 2007-2008.

Д-р Маја Мишковска одлично го познава англискиот јазик (има седумгодишна едукација во САД).

***Список на трудови***

Кандидатката д-р Маја Мишковска публикува преку 300 натписи, коментари и интервјуа, меѓу кои можеме да ги издвоиме следниве натписи:

- ОПЕК: Жед за „црното злато”
- Изборите во Италија „Нова алијанса - стари политичари”
- Источна Европа: „Заздравување низ реформите”
- ОН: „Еднаквост - како и за кого”
- Избори во САД: „Промоција на победничкиот тим”
- Шпанија: „Борба против национализмот”
- Блиски Исток: „Нова бомба на конфликт”
- Кина: „Пат кон капиталистички социјализам”
- АПЕК: „Економска центрифуга”
- САД- Кина: „Американско-кинески рулет”
- Македонија -Тајван: „Македонија во тајвански лавиринт”
- САД: „Битка на Клинтон до крајот”
- САД: „Сили на новиот милениум”
- САД: „Криза во Белата куќа“
- САД - Русија: „Москва му верува на Вашингтон”
- Македонија - САД: „Пат за подобар рејтинг”
- ЦНН во Македонија: „Војна на медиумите”
- 50 години НАТО: „Оптимизам за просперитет”
- УНПРЕДЕП: „Мисија за мир”
- Роајамон процес: „Надеж за регионот”
- Македонија - Франција: „Пријателство во континуитет”
- Палестина: „Држава - Да или Не”

Д-р Маја Мишковска ги публикува и следниве интервјуа:

- Генерален секретар на ОН: Кофи Анан
- Претседател на Ротари клуб: Роберт Барт
- Генерал на УНПРЕДЕП: Бо Ранкер
- Д-р Јоханес Хубер
- Претседател на Надворешно-политичкиот сектор на Европскиот парламент: Томас Спенсер

- Специјален претставник на генералниот секретар на ОН: Јасуши Акаши
- Специјален претставник на генералниот секретар на ОН: Хенрик Сокалски
- Амбасадор на Израел: Овадија Софер
- Амбасадор на Русија: Александар Трушин
- Министер за образование на Македонија: Ненад Новковски.

Исто така, д-р Маја Мишковска ги публикува и преведува следниве книги во коавторство:

- „101 Македонска народна приказна“ (на англиски јазик) - антологија на македонски народни приказни;
- „Политички студии“ - учебник на англиски јазик за надворешна политика;
- „Политички студии“ - учебник на англиски јазик за внатрешна политика;
- „Новинарство“ - учебник на англиски јазик за новинарство;
- „Ова е мојата татковина“, автор Стојан Христов (превод во коавторство од англиски јазик).

***Учество со презентации***

Кандидатката д-р Маја Мишковска учествува во презентации на:

- Пленарна седница на НАТО / SCEPC / Висок комитет за планирање на цивилни вонредни состојби во Романија, 28-29 ноември, 2007 година, на тема „LESSONS LEARNED” (НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ) - ОД ПОЖАРИТЕ ВО 2007 ГОДИНА;
- Презентација пред Управувачкиот комитет на Центарот за управување со кризи - 22 март 2008 година на тема „УЛОГАТА НА ВИСОКИОТ КОМИТЕТ ЗА ПЛАНИРАЊЕ ПРИ ЦИВИЛНИ ВОНРЕДНИ СОСТОЈБИ - (SCEPC), (ЗНАЧЕЊЕ, АКТИВНОСТИ, ЗАДАЧИ, УЛОГА И ЦЕЛИ);
- Презентација на Пленарни седници на НАТО (SCEPC) од ноември 2006 до 30 март 2008 год. на тема „ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ДОМАШНАТА БЕЗБЕДНОСТ“ – 30 март 2008 год., HOMELAND SECURITY IN THE USA;
- Презентација на тема: CMX- 2009 - CRISIS MANAGEMENT EXERCISE 2010 – ROCKE ISLAND (Kingdom of Mancy, Glefa, Democratic Republic of Falun, Gulf of Gora).

***Други активности***

Кандидатката д-р Маја Мишковска активно учествува на меѓународни семинари и конференции:

- SCEPC – SENIOR CIVIL EMERGENCY PLANNING COMMITTEE , BAKU, AERBEJDJAN, MAJ, 2010-08-10.
- FINAL PLANNING EXERCISE CONFERENCE “EARTHQUAKE”– JUNE- JULY, 2010.
- NOMINATION OF NATIONAL EXPERTS FOR NATO/SCEPS – REPRESENTATIVE OF THE CRISIS MANAGEMENT CENTER – REPUBLIC OF MACEDONIA – PRESENTATION: PRINTED AND ELECTRONIC MEDIA IN MACEDONIA WITH AN ACCENT TO THE WAY OF COVERAGE OF THE CRISIS AND NATURAL CATASTROPHIES IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA.

Согласно со Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, таа ги остварува следниве поени кои се однесуваат на нејзината целокупна активност:

(НО + НИ+САОР):

- наставно-образовна (НО) = 199
- научноистражувачка (НИ) = 38
- стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) = 59

ВКУПНА АКТИВА (НО + НИ+САОР) = 296.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на приложените материјали, разгледувајќи ги професионалните активности и научноистражувачката активност на пријавената кандидатка по предметите Вовед во новинарство и Новинарство во печатени и електронски медиуми, како и компетентноста за изведување на настава и други активности, може да се аргументира со следниве индикатори.

Кандидатката д-р Маја Мишковска со својот беспрекорен професионален ангажман во новинарството, а подоцна и како предавач и презентер на разни сесии на НАТО, со земањето активно учеството на разни меѓународни семинари, конференции и школи, со целокупниот творечки опус се промовира во личност која во себе подеднакво инкорпорира новинар, педагог, истражувач и научник.

Научните и стручните сознанија кандидатката ги применува и во пракса, во демократските форми на органите на власта во Република Македонија (Центар за управување со кризи на Република Македонија), како претставник во НАТО во Сектор за НАТО и меѓународна координација ги докажува нејзините квалитети за комуникација, тимска работа и практична примена на современите теоретски текови во областа на политичко-правните науки.

Креативната љубопитност, темелниот пристап, систематичноста и особено високата професионална свест во извршувањето на поставените задачи се основни особини што го одбележуваат интелектуалниот код на д-р Маја Мишковска, која одамна ја надминала својата професионална средина со широкиот радиус на владеење со научната област, што ѝ овозможува континуирана комуникација со пошироката светска научна јавност.

Во таа смисла, д-р Маја Мишковска искуствата и стекнатите сознанија од учеството на меѓународните семинари, конференции и сесии во НАТО ги користи и ги имплементира во нашата средина.

Ако се земе предвид дека во нејзината сфера на интерес е новинарството, меѓународната политика и правото, тоа ја легитимира како научник кој дава и ќе даде непроценлив придонес не само во новинарството туку и во едукацијата на идните новинари во Македонија, со нејзиниот избор за наставник по предметите Вовед во новинарство и Новинарство во печатени и електронски медиуми на насоката Новинарство и односи со јавноста на Правниот факултет во Кочани.

Кон ова треба да се додаде дека Маја Мишковска има голем број на јавни настапи во публикации, интервјуа во дневни весници, списанија, ТВ за популарно претставување на прашања и проблеми од нејзиниот научен опус.

Земајќи го предвид широкиот дијапазон на интерес и активности како личност, научник и истражувач, впечатокот за исклучителноста на нејзиниот интелектуален изглед е неоспорен.

Кандидатката д-р Маја Мишковска има исклучително богата активност во сите сфери на научноистражувачката и апликативно-раководната активност. Поради тоа може да се констатира дека го надминува определениот квантум да биде избрана во наставно звање насловен доцент, затоа што има остварено вкупно 296 поени.

Поради наведеното, Комисијата му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, д-р Маја Мишковска да ја избере за наставник по предметите Вовед во новинарство и Новинарство во печатени и електронски медиуми на насоката Новинарство и односи со јавноста, во звање насловен доцент, согласно со објавениот Конкурс.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Стеван Алексоски, с.р.**
**Доц. д-р Јован Ананиев, с.р.**
**Доц. д-р Љупчо Сотироски, с.р.**

**П Р И Л О Г**

**Табела за вреднување на активностите при избор во звање на д-р Маја Мишковска, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| | Позитивно рецензиран универзитетски учебник | 30 | |
| | Превод на учебник | 10 | |
| | Научно-популарна статија во весник и учество во образовна РТВ програма | 150 | |
| | Научно-популарна статија во стручно-методско списание | 9 | |
| | **Вкупно поени** | **199** | |

| Ред. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| | Одбранет магистерски труд | | 4 |
| | Одбранет докторски труд | 8 | |
| | Учесник во научен собир со реферат | 9 | 3 |
| | Секциско предавање на научен собир | | 4 |
| | Претседател на организационен одбор | 2 | |
| | Студиски престој во странство | 8 | |
| | **Вкупно** | **38** | |

| Ред. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| | Научна книга | 40 | |
| | Елаборати и експертизи во странство | 4 | |
| | Министерство за култура - директор на ФАРЕ културно-развојна програма | 10 | |
| | Советник за соработка со НАТО | 5 | |
| **Вкупно** | | **59** | |
| **Вкупно** | | **296 поени** | |